Општина Петровец
Управни и административни органи и тела
Бр. 09-3146/3
13 12 2024

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ И

Градоначалникот на Општина Петровец, решавајќи по барањето на **Биро за urbанизам Томе ДООЕЛ Битола,** во Општина Петровец поднесено под арх. бр. 09-3146/1 од 03.12.2024 година, за одобрување на Проектна програма за УП вон опфат, врз основа на член 44 став 7 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20, 111/23, 171/24 и 224/24), го издава следното:

## РЕШЕНИЕ

Се одобрува **Проектна програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објекти со намена А1.5 – куќи во состав на селско стопански двор на К.П.бр.694/2 и делови од К.П.бр.687 и К.П.бр.693, К.О.Блаце, Општина Петровец** иницирана од Биро за урбанизам Томе ДООЕЛ Битола.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот Друштво за проектирање, ревизија и надзор ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје, поднесе барање за одобрување на **Проектна програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објекти со намена А1.5 – куќи во состав на селско стопански двор на К.П.бр.694/2 и делови од К.П.бр.687 и К.П.бр.693, К.О.Блаце, Општина Петровец,** со технички број У-73/24 од 11.2024 год.

Со барањето ја приложи следната документација и докази:

1. Проектна програма (pdf)

2. Услови за планирање на просторот со тех бр. Y19724

3. Решение за услови за планирање на просторот

4. Ажурирана геодетска подлога (dwg)

5. Полномошно од инвеститор

6. Имотни листови

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на општина Петровец со Решение бр. 08-865/1 од 10.04.2023 година, по проучувањето на приложената документација со барањето и извршениот увид, констатира дека барањето е основано и Проектната програма за изработка на Урбанистичкиот проект со тех.бр. У-73/24 може да се одобри. Истото го потврди со предлог за одобрување - мислење од комисија со бр. 09-3146/2 од 06.12.2024 година.

Градоначалникот на општината Петровец по извршениот увид на приложената документација со барањето и предлогот од Комисијата за урбанизам констатира дека

барањето е основано и се исполнети условите од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20, 111/23, 171/24 и 224/24). Врз основа на тоа, а согласно член 44 став 7 од Законот за урбанистичко планирање донесе решение како во диспозитивот.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:**

Против ова Решение,барателот може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на одобранието до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

Жалбата се таксира со 250,00 ден. административни такси.

**ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ**
**Градоначалник**
**Борче Митевски**